**Љубен ЃЕОРЃИЕВСКИ ЉУПТА, Илинденске искре. Пета македонска народноослободилачка ударна бригада. („Народна армија". Београд 1981., 186. + Илустрации. — Записи о ратним бригадама., 51)**

Во издание на НИУ „Народна армија" од Белград, во текот на 1981 година, излезе од печат книгата на Љубен Ѓорѓиевски — Љупта *Илинденске искре-Пета македонска народноослободилачка ударна бригада.*

Оваа книга, претставува посебна монографска студија за Петтата македонска бригада, позната во народот како прилепска. Преку мемоарските искажувања, на авторот врз база на сочувана историска документација, се прикажува борбениот пат на Бригадата од нејзиното формирање до конечното ослободување на Македонија од германскиот окупатор, кога таа го завршила својот борбен пат, трансформирајќи во Втората бригада на Народната одбрана и добивајќи задача да ја чува границата на делот Охрид -Гевгелија.

Авторот, во воведниот дел од својот труд нè запознава со почетните подготовки, вршени од крајот на јули 1944 година, во врска со формирањето на Петтата бригада, посебно задржувајќи се на базниот логор под Кожуф планина, во кој покрај големиот број новодојдени борци од Прилеп, имало голем број борци и од другите места на Македонија. Прикажан ни е, на најавтентичен и сликовит начин, свечениот чин на формирањето на бригадата, на 2 август 1944 година, кај Влашки колиби, близу с. Зборско на Кожуф планина, со посебен осврт на новоформираниот команден кадар и баталјоните. Во понатамошниот дел од книгата, авторот се задржува на изведениот прв марш на Бригадата по теренот на Тиквешко, во извршување на борбените задачи, посебно задржувајќи се на престојот во с. Праведник, каде Бригадата по теренот на Тиквешва оружје од Втората бригада, која се наоѓала на овој терен. По престојот во с. Праведник, Бригадата продолжувајќи го својот пат преку с. Шешково, Грбоец и Раец на 6 август 1944 година се спуштила на патот Прилеп—Кавадарци, каде што по извршените минирања на делови од патот и сечењето на телофонски линии и столбови, влегла во с. Попадија и заробила неколку бугарски полицајци и агенти. Авторот, посебно внимание обрнал на престојот на Бригадата по селата на Азот и на нејзиното прво борбено судрување во с. Папрадиште, против германските и бугарските војски, кога ги дала и првите три жртви. Посебен простор е отстапен на борбата на Бригадата со бугарската војска и контрачетниците во с. Локвице, од 10 август 1944 година, каде што борците иако биле изненадени, сепак успеале пројавувајќи голема борбеност и хероизам да му се спротивстават на многубројниот непријател, да го одбијат нападот и да се повлечат на Солунска Глава.

Посебен простор во својата книга Љубен Ѓорѓиевски Љупта, им отстапил на контактите на Бригадата со четниците, предводени

од полковникот Стојан Марковиќ, во с. Тажево, од средината на август 1944 година, кога бил постигнат голем политички успех, со приклучувањето на четниците во редовите на Бригадата и формирањето на новата Петнаесетта македонска бригада. Прикажан ни е првиот заеднички напад на бугарското воено утврдување во с. Здуње, последно поречко село по долината на р. Треска, од 28 август 1944 година, со посебен осврт на храброто загинување на командирот на Петтата бригада, Илија Игески-Цветан. Следејќи го натамошниот борбен пат на бригадата, авторот нè запознава со борбените дејствија на борците по железничката линија Велес-Прилеп од крајот на август, посебно задржувајќи се на нападот на Велес, кој бил окупиран од јаки германски сили, од 3 септември 1944 година. Влегувањето на Бригадата во ослободениот Прилеп, до 11 септември 1944 година, ослободен од единиците на 41-та и 48-та дивизија, авторот посебно го прикажува, опишувајќи ја големата радост на борците од Петтата бригада кои повеќето биле родум од Прилеп, како и тешките борби за зачувување на слободниот град, по повторната офанзива на германските сили, за заземање на Прилип. Паралелно со ова, прикажана е и тешката борба на Бригадата со германската моторизирана колона кај с. Смиловци — Титоввелешко, од 23 септември, како и одржаното Партиско советување на комунистите од Бригадата од 24 септември 1944 година. во с. Владиловци. Во понатамошната разработка на борбениот пат на Бригадата, авторот посебно внимание им посветува на оружените судири на Бригадата што при крајот на септември 1944 година влегла во составот на 49-та дивизија, со германските сили, на просторот Прилеп-Битола, со осврт врз нападот на германската железничка композиција што се движела по линијата Прилеп-Битола и тешките борби кај с. Ивањевица, од 4 октомври 1944 година. Посебно внимание авторот им посветува на борбите на Бригадата по патот Битола-Ресен, од 12 и 13 октомври, потоа на борбите кај р. Шемница, на патот Прилеп-Битола од 21 и 22 октомври. задржувајќи се на крвавите борби кај Зеленик и Песјобарци, од 29, 30 и 31 октомври 1944 година, кои биле последни борби за конечното ослободување на Прилеп, кога Бригадата победоносно влегла попладнето на 2 ноември 1944 година.

Како завршен чин на својот труд, авторот ни дава преглед на успешните борбени ангажирања на Бригадата во борбите за конечното ослободување на Ресен 5 ноември и на Охрид 7 ноември 1944 година од германскиот окупатор, па сè до трансформирањето во составот на Втората бригада на Народната одбрана, добивајќи задача да ја чува границата на просторот Охрид-Гевгелија, со што борците на Бригадата станале припадници на КНОЈ т.е. Корпусот на Народната одбрана на Југославија.

Ѓорѓи МАЛКОВСКИ